| MAGNA | ИНФОРМАЦИИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ | **Датум на креирање:** 14 мај 2019 година |
|---|---|---|
| | | **Последно ревидирање:** 14 мај 2019 година |
| | | **Издадено од:** Корпорација |
| | | **Последен уредувач:** KW |
| | | **За:** деловни функции |

# ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИТЕ И ПРИВАТНОСТ КОМУНИКАЦИЈА ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

Магна International Inc. и нејзините глобални подружници, групи и одделенија (заедно, „Магна“), дел од групацијата на компании Магна, ја почитуваат вашата приватност и се посветени на усогласувањето со важечките закони за приватност во оние јурисдикции каде што работи групацијата Магна, вклучувајќи ја Општата регулатива за заштита на податоците на ЕУ (ГДПР/GDPR – EU General Data Protection Regulation), Европските правила и постапки за приватност на податоците на Магна, особено Постапката за правата на субјектите од ГДПР/GDPR и Постапката за прекршување на правила за заштита на личните податоците согласно ГДПР/GDPR, што се достапни на MagNET и преку вашиот локален претставник за човечки ресурси.

## Одговорност за ракување со податоците и детали за контакт:

Вашата компанија-работодавач дел од групацијата Магна и, зависно од случајот, Магна International Inc. и нејзините придружни компании (заедно, „компанија-контролор на Магна“) претставени од страна на нивните надлежни службеници.

## Категории на податоци што се обработуваат:

Ги обработуваме следниве категории на лични податоци, зависно од лицето и позицијата:

- **основни податоци** како што се титула, име, пол, датум на раѓање, функција, хиерархија на одговарање, центар за трошоци, број на вработен, слика (на пример, за картичка за идентификација, ако е применливо);
- **детали за контакт** како што се телефонски број, е-пошта и сите други потребни информации за контакт;
- **податоци за автентикација на апликацијата/системот** како што се корисничко име, информации за пријавување, IP-адреса;
- **податоци за договорите** како што се работно место, задачи и други услови поврзани со работата;
- **податоци за вработувањето** како што се работно време, време на прекин на работата, неактивно време, отсуство и причини за отсуство, плата, можен инвалидитет, информации за деловни патувања, големина на облека (за работна облека);
- **податоци за управување со перформанси и стажирање/практиканство** како што се работно искуство и вештини, оценувања на вработените и целни договори;
- **податоци за осигурување** како што се периоди на осигурување, предмет на осигурувањето, случај на штета и придружни документи, на пр., потребни извештаи за несреќи, барање за покриеност;
- **банкарски податоци** како што е број на сметка;
- **податоци за набавки** како што се задржани стоки или услуги;
- **податоци за инфраструктурата** како што се места до кои може да се пристапи / до кои е пристапено, алати (на пр. виљушкари) / комуникација (на пр., телефон, интернет) што може да се користи / што се користела итн., директориуми и организациски шеми/структури, **видеозаписи** за да се осигура безбедност во рамките на фабриката;
- **податоци за инциденти** како што се информации поврзани со животната средина, здравјето и безбедноста;

- **податоци поврзани со деловно работење** како што се информации што се однесуваат на производствени или развојни процеси, работни документи и содржина на е-поштата.

## Како се добиваат личните податоци:

Личните податоци што ги обработува Магна се (i) добиваат, делумно, при започнување на вашиот работен однос со Магна (на пример, основни податоци и детали за контакт); и (ii) се генерираат преку постојниот работен однос (на пример, податоци за плата, информации за следење на времето и отсуствата, податоци поврзани со обуки и со деловно работење).

## Цел и правна основа за ракување со податоците:

Вашите лични податоци ги обработуваме во согласност со релевантните регулативи за заштита на податоците

- **<u>за исполнување на договорните обврски:</u>**
  Вашите податоци ги обработуваме со цел исполнување и/или извршување на постојниот договор за вработување со вас, вклучувајќи го следењето на работното време, плата и бенефиции (доколку е потребно), со цел извршување на вашите одговорности во согласност со организациската и дисциплинската хиерархија на одговорност на Магна. Договорот за вработување, исто така, ја обликува правната основа за обработка на податоците за целите на деловни патувања, професионална интеракција, како интерно, така и со клиенти или добавувачи (вклучително и употреба на слики) и учество во професионални (задолжителни) настани. Ова се однесува и на едукативни можности, како и можности за понатамошни обуки. Покрај тоа, обработката на податоците се одвива врз основа на постојните договори на компанијата и другите договори со вас, како што се договори за бонуси или премии или договори за привремено преместување, како и поврзаните законски обврски за обелоденување со цел добивање работна дозвола во земјата-домаќин. Без овие податоци, не можеме да го спроведеме заедничкиот договор.

- **<u>за исполнување (други) законски обврски:</u>**
  Обработката на податоците може да биде неопходна со цел усогласување со различните национални, европски или наднационални закони, законски и/или колективни договорни обврски, особено оние што се однесуваат на важечкото трудово и социјално право, вклучувајќи ја и должноста на работодавачот за грижа, законите за заштита на вработените во врска со работното време или инвалидноста и правото на работодавачот за насочување на работата. Покрај тоа, може да постојат законски обврски за поднесување извештаи и информирање, како што се важечки права на застапување на вработените и законските обврски кон органите за пензиско осигурување или финансиските органи. Вторите, исто така вклучуваат обработка на податоците за ревизорски цели, како што е доказ за усогласеност со соодветното сметководство. Без обезбедување на вашите податоци, не можеме правилно да ги почитуваме нашите законски обврски.

- **во рамките на вашата согласност:**
  Доколку друга правна основа не е применлива, и ако сте ни дале согласност за обработка на вашите лични податоци, обработката ќе се извршува само во согласност со целите наведени во декларацијата и степенот на согласнот што е договорен во неа. Ова посебно се однесува на

  - доброволното обезбедување фотографски материјал и други лични податоци за маркетиншки цели;
  - доброволното учество во настани што се поврзани со работата;
  - давање информации за контакт во итен случај при патување.

  Сите согласности може да се отповикаат во секое време, независно едни од други. Погледнете ги детално **„Вашите права за заштита на податоците"** подолу.

- **за заштита на легитимните деловни интереси:**
  Обработката на податоците може да се заснова на оправдани интереси на работодавачот или трети лица, особено:

  - **за одржување на безбедноста на мрежата, податоците и информациите**
    Поради важечките законски регулативи за безбедност на податоците, некои од вашите податоци се обработуваат за административни цели и безбедност на оперативните системи, како што се администрација на идентификациски број на корисникот, доделување на хардвер и софтвер на корисниците на системот и за безбедноста на системот. Ова вклучува автоматски креирани и архивирани текстуални документи (на пример, професионална кореспонденција) за овие прашања. Исто така, се евидентираат и податоците што ги обработува нашето биро за ИТ-поддршка во врска со решавањето технички проблеми со цел да се гарантира непречено управување со ИТ-ризици, како и податоците за верификација на идентитетот (барање за идентификација во зградата на фабриката). Без оваа обработка на податоци, работата со безбедност (на информациите), а со тоа и вработувањето во нашата компанија не може да се реализра.
  - **за управување со физичката инфраструктура, алатите и опремата за работа**
    Вашите податоци се обработуваат со цел да се одржат и заштитат објектите и канцелариите на Магна, на пример, преку контроли за пристап на вратите, како и со цел организирање и доделување алати и опрема за работа, вклучувајќи и работна облека.
  - **за управување со виртуелната инфраструктура и корпоративната комуникација**
    Вашите лични податоци се обработуваат со цел обезбедување ефикасна и ефективна работна инфраструктура, вклучувајќи услуги за телефон, интернет, е-пошта, видеоконференции и разговори. Ова ги вклучува вашите професионални детали за контакт, вашата област на одговорност и слика објавена на интранет, во директориуми и на организациски шеми/структури, со цел интернационалните колеги да може да контактираат со вас. Ова се должи на нашиот легитимен интерес за

непречени деловни операции и со цел да промовираме интернационална комуникација во компаниите или групите. Вашите лични податоци се собираат кога ја посетувате веб-локацијата на Магна или MagNET со цел со нив да се управува на најприкладен начин за корисниците, како и да се заштитат ИТ-системите на Магна од напади и други незаконски активности. Доколку на Магна ѝ дадете дополнителни лични податоци, на пример, во рамките на регистрација, образец за контакт, анкета, награден натпревар или за склучување на договор, Магна ќе ги користи тие податоци за спомнатите цели, за целите на администрација и, ако е потребно, за целите на обработка и сметководство на деловните трансакции, во секој случај до степенот што се бара. Финално, вашите податоци, вклучувајќи ги и сликите, може да бидат обработени за други цели на маркетинг и друштвени медиуми, внатрешно и надворешно.

- **за објавување на професионалните информации за контакт на веб-страницата на компанијата**
  За контактирање со клиенти и добавувачи, професионалните податоци за контакт на вработените со надворешен контакт се објавуваат на интернет. Ова е поради нашиот легитимен интерес за непречен деловен процес.
- **за целта на потребните административни активности** како што се администрација и управување со вашето вработување, посебно следење на времето, плата и ракување со бенефициите и деловните патувања, финансиска администрација за годишно планирање на буџетот, организациско управување, процеси на набавки и продажба, вршење деловни активности како што се процеси на производство и развој на производите итн.
- **за промовирање на можностите за професионален развој на вработениот**
  За подобрување на професионалните вештини на вработените, личните информации се обработуваат во врска со програмите за внатрешна и надворешна обука и едукација на Магна, како и поврзаните регистрации за учество во истите.
- **за администрирање и управување со различни програми за човечки ресурси** вклучувајќи ја и програмата за предлози од вработените и анкетата за мислења на вработените
- **за осигурување на усогласеноста, заштита на вредностите на компанијата и усогласување со принципите на групацијата**
  За успешно и професионално работење на пазарот, потребно е соодветно професионално однесување од страна на вработените. Ова вклучува строго почитување на регулативите за конкуренција, како и законски и договорни обврски за доверливост со цел заштита на деловните и оперативните информации. За оваа цел, изработени се насоки за усогласеност, како што се оние во Кодексот на однесување, што треба да ги следат вработените ширум групацијата. Обработката на податоците е поврзана со програмите ширум групацијата, како што се програмите за животна средина, здравје и безбедност, со организациски инструкции (пример како дел на воведниот тренинг на вработените) и општите мерки за контрола, како што се линијата за помош или процесите на ревизија на Магна,**со цел усогласување на хиерархиски канали на рапортирање во компанијата и одговорностите**

Обработката на лични податоци е неопходна за вработените коишто имаат позиции во повеќе компании или групации со цел да ги исполнат своите професионални задачи.

- **за контрола на квалитетот**
  Вработените може да ги обработуваат личните податоци со цел веродостојно исполнување и одржување одредени стандарди за сертифицирање на компанијата (на пр. ISO-стандарди, барања на TISAX). Ова вклучува и обработка на податоците во врска со справување со инциденти и промени.
- **Со цел обезбедување социјални придобивки** како што се згрижувачи на деца, кантина и сл.

### Обработка на податоци врз основа на автоматско донесување одлуки:

Не се обработуваат податоци врз основа на автоматско донесување одлуки.

### Приматели на вашите лични податоци:

Во зависност од случајот, податоците што се релевантни во секој поединечен случај се пренесуваат на следниве контролори и обработувачи на податоци на гореспоменатата правна основа:

- овластени лица за бизнисот на Магна, канцеларија на групацијата и корпоративни функции, особено операции, човечки ресурси, финансии, правни работи, информатичка технологија, набавки, квалитет и продажба во Магна International Inc. и придружните компании;
- надворешни даватели на услуги како што сенадворешни компании кои вршат пресметка на плата, кантина на компанијата (надворешно, ако е применливо) и разни услуги за ИТ-хостирање и одржување;
- институции за социјално осигурување и пензиски фондови на компанијата;
- адвокатски фирми и даночни советници;
- канцеларии и органи како што се даночна управа, услуги поврзани со пазарот на труд, инспекторат за труд, групи за правни интереси;
- застапување на вработените (особено работнички совет и фондот на работничкиот совет, ако е применливо);
- лекари на компанијата;
- даватели на едукација и обуки, стручни училишта;
- банки вклучени во исплатата на засегнатото лице или на трети лица;
- клиенти и добавувачи;
- агенции за финансирање.

### Обработка на податоците надвор од ЕУ/ЕЕО:

Во согласност со вашата област на одговорност и хиерархијата на известување , од користењето внатрешни и надворешни даватели на услуги на Магна, како и од системите што се користат за обработка на податоци, обработката на податоците може да вклучува трансфер на вашите лични податоци до придружните компании на Магна International Inc.

Доколку податоците се пренесат во т.н. „трети земји“ – земји надвор од Европската економска област – во кои може да не постои соодветно ниво на заштита на податоците, осигуруваме дека ваквите здружени компании се во согласност со релевантните важечки прописи за заштита на податоците. Некои од вашите податоци може да се обработат и надвор од ЕУ или ЕЕО. Ќе се бара соодветно ниво на заштита на податоците со упатување на одлуката за соодветност на Европската комисија или стандардните клаузули за заштита на податоците.

## Време на чување на вашите податоци:

Вашите податоци ги чуваме – колку што е неопходно – за времетраењето на вашето вработување и понатаму за времетраењето на законските обврски за складирање и документирање во согласност со Глобалниот распоред за задржување на записите на Магна, што може да се најде на MagNET или преку вашиот локален претставник за човечки ресурси. Онаму каде што постојат легитимни причини за тоа, особено за спроведување или одбрана на правните барања или слични околности, вашите податоци може да се чуваат подолг временски период.

**Вашите права на приватност:**

Во секое време, од компанијата-контролор Магна, имате право да побарате **информации, корекција, бришење** или **ограничување** во врска со обработката на вашите податоци што се зачувани во согласност со барањата на ГДПР/GDPR. Во случај на обработка на податоци врз основа на ваша согласност, имате право на **отповикување** на обработката на податоците во иднина.

Доколку сметате дека не сме усогласени во исполнувањето на националните или европските регулативи за заштита на податоците кога ги обработуваме вашите податоци или доколку имате какви било прашања во врска со содржината на овој лист со информации или општи прашања во врска со заштитата на податоците, може да го испратите вашето мислење на dataprivacy@magna.com и, ако за компанијата-контролор Магна има назначено службеник за заштита на податоците, на dataprotectionofficer@magna.com или обратете се кај вашиот локален претставник за човечки ресурси.

Сите поплаки може да се испратат до надлежниот орган за заштита на податоците.